Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде придонес, како да се подобри ефектот на програмите кои се имплементираат преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото во РМ и Министерството за економија - Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија, преку анализа на истите, откривање на причините и последиците за дадените состојби и креирање на препораки за надминување на утврдените состојби.

Од прелиминарните истражувања кои претходно ги извршивме како и откриените ризични подрачја во областа, произлезе потребата да спроведеме ревизија на успешност со наслов:

**"Ефективност од имплементацијата на програмите и активностите за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија (МСП)" со цел да одговориме на прашањето:**

***Дали програмите за развој и поддршка на претприемништвото во РМ реализирани од страна на Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото имаат постигнато ефект во унапредувањето и развојот на малите и средни претпријатија.***

Подрачјата кои покажаа ризици при извршените прелиминарни истражувања, понатаму беа предмет на вршење на ревизијата на успешност и истите се групирани во три области и тоа:

1. **Законската регулатива, надлежности и стратешки документи за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија;**

2. **Институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија;**

3. **Програми за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.**

Во ризичното подрачје кое се однесува на законската и подзаконската регулатива и стратешки документи од областа на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија се фокусиравме на прашања поврзани со стратегиите, законите и актите кои поблиску треба да го уредат ефикасното креирање на политики од областа на малите и средни претпријатија во РМ.

**1.1. Согласно член 4 од Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија[1] на предлог на министерот на економија, Владата на РМ донесува четири годишна прогрма за финансиска поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на МСП. Последна донесена четири годишна програма е за периодот (2007 – 2010).**

**Отсуството на четири годишна прогрма (2011 – 2014) доведува до можност од неостварување на целите и политиките за поддршка на МСП. Од тие причини Годишните Програми за финансиска поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на МСП се донесувани врз основа на општите цели од Националната стратегија, со отсуство на конкретна рамка за поддршка на МСП во Република Македонија.**

Согласно Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, за реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малото стопанство и претприемништво, на предлог на министерот на економија, Владата на РМ донесува Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство за период од 4 години.

Министерството за економија на РМ како одговорно за креирање и носење на четири годишната програма, како и надгледување на спроведување на политиките на МСП, има отпочнато кон изготвување на 3 годишна Програма[2] за период од 2011-2013 година. Одговорните лица на Министерството имаат пристапено кон обезбедување на мислења од сите инволвирани институции за изготвување на Програмата. Работна верзија на предлог програмата не е усвоена.
Последната донесена четири годишна Програма е за период од 2007-2010 година, што има влијание на конкретните мерки и рамката за поддршка на претприемништвото во РМ.

Со донесување на четири годишната Програма ќе се создадат можности за конкретни политики и рамка за поддршка на претприемништвото во РМ и истата е основ за изготвување на годишните програми за финансиска поддршка за развој на малите и средни претпријатија.

---

[1] Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 60/2003, 161/09, 171/10),

[2] Причината за предложената 3 годишна програма е поради тоа што се однесува на Стратегијата за МСП за период 2002-2013. Последната четиригодишна Програма е за временскиот период (2007-2010) , а до крај на Стратегијата остануваат уште три години.

**Препорака**

На предлог од министерот за економија, Владата на РМ да донесе четири годишна Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство, за реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малото стопанство и претприемништво.

**1.2. Во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се користи терминот „мало стопанство„ што е потесен термин од терминот мали и средни претпријатија, кој термин се користи во 4 годишната и годишните програми на Агенцијата. Од тие причини се наметнува потреба од измени и дополнувања на Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.**

Со Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се уредени основањето, организирањето и работењето на Агенцијата.
Агенцијата е основана за реализација на Програми на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во РМ.
Меѓутоа со носењето на 4 годишната програма за период 2007-2010 година, истата се однесува за поддршка на малите и средните претпријатија. Согласно тоа почнувајќи од 2007 година сите годишни програми кои се реализираат се однесуваат за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија а не за малото стопанство како што е пропишано со Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.
На тој начин во четири годишната Програма и годишните програми терминот„мало стопанство„ од законот е заменет со терминот „мали и средни претпријатија„. Терминот „мало стопанство„ кој е даден во законот е потесен и ги опфаќа само малите претпријатија и на тој начин не ја покажува реалната поддршка што во периодот од 2007 година до 2013 година ја спроведува Агенцијата со поддршка на микро, мали и средни претпријатија во РМ. Согласно горе наведеното се наметнува потреба од измена на терминот „мало стопанство„ од законот со терминот „мали и средни претпријатија„.

**Препорака**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија да поднесе предлог за измени и дополнувања на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за да се изврши терминолошко усогласување на надлежноста во законот со годишните и четири годишната програма.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ________________ ____________________
2.________________

**1.3. Ревизијата утврди преклопување на надлежностите и програмските активности од областа на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП кои се реализираат преку Министерството за економија – Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија и Агенцијата.**

Агенцијата во периодот од 2010 до 2013 година, со финансиска поддршка од буџетот на РМ има реализирано Програми за поддршка на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП. Исто така, за истиот период и Министерството за економија – Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија со финансиска поддршка од буџетот на РМ има реализирано Програми за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП.

Програмските активности кои се реализираат преку Агенцијата се многу слични/идентични со програмските активности предвидени во Програмите за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија кои се реализираат преку МЕ – Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија. Со ваквиот начин на поставеност, донесување и реализација на програми со идентични цели и активности, преку два државни органа се врши преклопување на надлежностите.

Главни надлежности и одговорности на Министерството за економија - Сектор за на малите и средни претпријатија [3] е предлагање на мерки како и планирање и креирање на политиките за развој на МСП, како и вршење на постојна и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата утврдена надлежност во Законот за основање на Агенцијата [4].

Од друга страна Агенцијата е државна институција, формирана за имплементација и реализација на специфичните Програми за поддршка и промоција на претприемништвото.

Со ваквата законска поставеност улогата на Министерството за економија - Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија треба да биде насочено кон остварување на развојна и тековна економска политика и предлагање на мерки за креирање на развојната и тековна економска политика на малите и средни претпријатија.

---

[3] Закон за организација и работа на државните управа („Служен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 37/06, 167/10 и 57/11).

[4] Согласно член 23 од Законот за основање на АППРМ, Министерството за економија врши постојна и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2. ________________

**Препорака**
Секторот за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија при Министерството за економија да ја преиспита потребата од реализација на програмски активности од областа на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП со Агенцијата и да се разгледа можноста реализиацијата на програмските активности во целост да се насочени кон Агенцијата.

2. **Институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија**

Во ризичното подрачје кое се однесува на институционална инфраструктура за поддршка од областа на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија се фокусиравме на прашања поврзани со начинот на функционирање на организациите за деловна поддршка на претприемништвото лоцирани во Скопје, Струмица, Велес, Куманово, Битола. како и Агенции за поддршка на претприемништвото (ЕСА) лоцирани во Охрид и Тетово и Прилеп.

2.1. **Ревизијата констатира дека не се преземени доволно мерки за координација и соодветна подршка на мрежата на институции од страна на Агенцијата. Наведеното може да доведе до намалување или преструктуирање на организациите за деловна поддршка, а согласно тоа и неможност од реализиарање на програмските активности на локално ниво преку организации за деловна подршка.**

Основната институционална инфраструктура на МСП е така поставена да реализацијата на дел од програмските активност е раководена централно од Агенцијата и локално од мрежата на институции за МСП - организации за деловна поддршка.

Согласно годишните програми предвидено е активностите за реализација на ваучерскиот систем и инфо пултот на советување да се одвива преку организации за деловна поддршка, односно во соработка со институции чиј предмет на работа е поддршка за МСП наведени во член 20 од Законот за Агенцијата.
Во исто време предмет на работа на Агенцијата треба да биде и координација и развој на мрежата на институции за поддршка на развојот на МСП.

Надоместокот за реализација на ваучерскиот систем од страна на организациите за деловна поддршка (регрутација, проценка, избор на консултант на услуги, издавање ваучери/спогодби, мониторинг на проектите), изнесува 20% од вкупниот износ на ваучерот и не е адекватна за нивните напори во имплементацијата на програмите.

Постапката за избор на организации за деловна поддршка (ОДП) започнува по донесување на годишната програма на Агенцијата, со објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото кои ќе бидат ангажирани во реализација на програмските активности: "Ваучерски систем на советување". По завршување на Јавниот повик, Агенцијата склучува едногодишен договор за соработка.

Со договорот, договорените страни се договараат за обемот на работите и начинот на спорведување на работите, како и вкупно расположивите средства, односно висината и намената за поддршка на корисниците на советувањата за ваучерско советување и износот за надоместок за извршените задачи на ОДП. Исплатата на надоместокот на ОДП е ограничена на 20% од ангажираната или распределена сума.

Во **табелата бр. 4** се дадени износите/ надоместокот за извршените задачи на Организациите за деловна поддршка за реализираните ваучери (субвенционирано советување на претприемачите), по години во вкупен износ на исплатени средства кој се движи околу 20% од субвенцијата.

Табела 4

**Износи кои Регионалните центри (ОДП) ги добиле за работа во Ваучерскиот систем на субвенционирано советување** во денари

| | Скопје | Струмица | Охрид | Куманово | Битола | Тетово | Велес | ВКУПНО | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Износ за ОДП (ден) | 32.214 | 15.275 | / | 27.040 | 5.200 | 11.050 | 7.670 | **98.449** | **2010** |
| | 66.130 | 56.810 | 8.580 | 54.925 | 17.680 | 32.305 | 20.150 | **256.580** | **2011** |
| | 20.540 | 14.105 | 5.200 | 19.305 | 5.720 | 10.010 | 6.230 | **81.110** | **2012** |
| | 36.000 | 25.000 | 14.000 | 16.000 | 16.000 | 17.000 | 10.000 | **134.000** | **2013** |
| **вкупно** | **154.884** | **111.190** | **27.780** | **117.270** | **44.600** | **70.365** | **44.050** | **570.139** | |

Вкупно исплатените средства за сите ОДП за периодот од 2010 - 2013 година изнесува 570 илјади денари за сите 7 регионални центри.

Вкупно исплатени средства за сите ОДП со кои Агенцијата има склучено годишни договори за реализација на Програмската активност ваучерски систем на субвенционирано советување за 2010 година изнесува 98 илјади денари, во 2011 година изнесува 256 илјади денари, во 2012 година изнесува 81 илјада денари, а за 2013 година 134 илјади денари.

Во **табелата бр. 5** се дадени износите/ надоместокот за извршените задачи од страна на ОДП за проектот Инфо - пулт по години.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2.________________

Тебела бр. 5

**Износи за ОДП по основ на проект ИНФО ПУЛТ 2010-2013 година**

**во денари**

| Р.бр. | ЦЕНТРИ | Град | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | РЦ Битола | Битола | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 2 | РЦ Куманово | Куманово | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 3 | РЦ Скопје | Скопје | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 4 | РЦ Струмица | Струмица | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 5 | РЦ Велес | Велес | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 6 | ЕСА Охрид | Охрид | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 7 | ЕСА Тетово | Тетово | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 8 | Стопанска комора на Македонија | Скопје | 66.500 | 70.000 | 27.500 | 27.200 | 191.200 |
| 9 | Занаетчиска комора Скопје | Скопје | 66.500 | 70.000 | - | 27.200 | 163.700 |
| 10 | ЕСА Гостивар | Гостивар | 66.500 | 70.000 | - | - | 136.500 |
| 11 | Евро Центар | Св. Николе | 66.500 | 70.000 | - | - | 136.500 |
| 12 | РБИЦ | Скопје | - | 70.000 | | 27.200 | 97.200 |
| 13 | Занаетчиска комора Дебар | Дебар | 66.500 | - | - | - | 66.500 |
| 14 | МИР Фондација | Скопје | - | - | - | 27.200 | 27.200 |
| **СЕ ВКУПНО (Денари)** | | | **798.000** | **840.000** | **220.000** | **299.200** | **2.157.200** |

Со проектната активност „Инфо пулт„ се врши поврзување на институциите носители на економската политика и стратегија со малите и средни претпријатија, каде претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство.

Надоместокот за извршените задачи за секоја ОДП со кои Агенцијата има склучено годишни договори за реализација на Проектот „Инфо пулт„ во 2012 и 2013 година изнесува 3.400 денари месечно или вкупен годишен износ од 27.200 денари. Извршените задачи од ОДП се информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи, информации од областа на деловната помош и финансирање, информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето и др.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2.________________

Начинот на планирање и распределба на програмските средства од страна на Агенцијата, како и висината на финансиска поддршка за развој на мрежата на институции за МСП, може да доведе до намалување/преструктуирање на мрежата на институции за поддршка на развојот на претприемништво.

Предмет на работа на Агенцијата треба да биде и координација и развој на мрежата на институции за поддршка на развојот на МСП, зашто истите претставуваат локална мрежа на Агенцијата за поддршка на МСП, преку која и се дејствува локално со реализирање на програмските активности, со директен/децентрализиран контакт на локално ниво со МСП. Агенцијата има воспоставено база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на МСП.

**Препорака**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, во координација и соработка со Министерството за економија, да преземе активности и иницијативи, во програмите да се предивидат финансиски средства со кои ќе се обезбеди реална поддршка и развој на мрежата за институционална поддршка на МСП.

3. **Програми за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија**

Во рамки на ризичната област која се однесува на прашања од подготовка и спроведување на програмите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, ревизијата се фокусираше на прашања поврзани со методологијата за утврдување на висината на поддршката по одделни мерки, начинот на планирање, следење на спроведувањето и проценка на влијанието на мерките за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП.

3.1. **Ревизијата констатира дека во Агенцијата постои отсуство на методологија за подготовка на програмските активности и утврдување на износите за финансиска поддршка. Воспоставена е пракса на планирање многубројни програмски активности, што доведува до намалување на ефектот од нивната имплементација.**

Агенцијата, како стручен и задолжен орган за изготвување на програми кои се насочени кон поддршка и промоција на претприемништвото врз основа на предвидените средства со Буџетот на РМ изготвува предлог годишната програма.

Предлог програмата се доставува до членовите на УО за одобрување. Пред УО предлог програмата ја презентира, ја образложува и брани директорот на Агенцијата а истата се усвојува од Владата на РМ.

Агенцијата при определување на активностите во предлог годишната програма треба да ги има предвид основните цели дадени во Програмата на Владата на РМ, ревидираната национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија, европските и регионалните стратешки документи трендови, пракси, искуства и потребите на бизнис секторот во Република Македонија.

Агенцијата при креирањето на годишната програма вообичаено предвидува околу 20 програмски активности, што доведува до намалување на ефектот од нивната имплементација, како резултат на планирање на средства на многубројни активности.

Во **Прилог бр. 2** се дадени програмските активности по години за период од 2010 - 2013 година.

Во 2010 година од вкупниот буџет од 4.000 илјади денари, предвидено е да се реализираат 20 активности, од кои на ваучерски систем на советување и инфо пулт се превидени 50% од расположливите средства, а за останатите 50% се реализирани сите други планирани програмски активности.

Во 2011 година од вкупниот буџет од 5.700 илјади денари, предвидено е да се реализираат 22 активности, од кои на ваучерски систем на советување и инфо пулт се превидени 47% од расположливите средства, а за останатите 53% се предвидени за сите други планирани програмски активности.

Во 2012 година од вкупниот буџет од 4.300[5] илјади денари, предвидено е да се реализираат 16 активности, од кои за пренесени обврски од 2011 година се планирани 2.471 илјада денари, на ваучерски систем на советување и инфо пулт се превидени 41% од расположливите средства, а за останатите 59% се предвидени за сите други планирани програмски активности.

Во 2013 година од вкупниот буџет од 4.300 илјади денари, предвидено е да се реализираат 17 активности, од кои на ваучерски систем на советување и инфо пулт се превидени 30% од расположливите средства, а за останатите 70% се предвидени за сите други планирани програмски активности.

[5] Оваа Програма од превидените 4.300 илјади денари има ставка за пренесени обврски од 2011 година во износ од 2.471 илјади денари.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2.________________

Планирањето на многубројни програмски активности од страна на Агенцијата може да доведе до намалување на ефектот од нивната имплементација.

**Реализиација на програмската активност - Ваучерскиот систем за советување**

**Табела бр. 6 Реализирани ваучери 2010-2013***

| Година | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОДП | Износ | Број на ваучери | Износ | Број на ваучери | Износ | Број на ваучери | Износ | Број на ваучери | Износ | Број на ваучери |
| БИТОЛА | 30.000 | 1 | 99.300 | 3 | 34.800 | 1 | 79.800 | 3 | 243.900 | 8 |
| ВЕЛЕС | 34.800 | 2 | 114.000 | 4 | 29.700 | 1 | 24.000 | 1 | 202.500 | 8 |
| КУМАНОВО | 114.876 | 9 | 197.100 | 16 | 66.150 | 5 | 78.750 | 6 | 456.876 | 36 |
| ОХРИД | 0 | 0 | 54.072 | 3 | 30.000 | 1 | 30.000 | 1 | 114.072 | 5 |
| СКОПЈЕ | 153.600 | 7 | 408.600 | 18 | 122.400 | 6 | 166.200 | 15 | 850.800 | 46 |
| СТРУМИЦА | 62.226 | 5 | 219.600 | 15 | 69.300 | 5 | 133.200 | 13 | 484.326 | 38 |
| ТЕТОВО | 27.000 | 1 | 180.264 | 7 | 49.500 | 2 | 75.000 | 3 | 331.764 | 13 |
| **СЕ ВКУПНО** | **422.502** | **25** | **1.272.936** | **66** | **401.850** | **21** | **586.950** | **42** | **2.684.238** | **154** |

*Износи кои се исплатени на потенцијалните претприемачи и постојните мали и средни претпријатија

Основна цел на Ваучерски систем за субвенционирано советување е да ги поттикне веќе воспоставените мали претпријатија да користат консултантски услуги за зајакнување на нивното работење и конкурентност, како и да им обезбедат советување, обука и информации на потенцијалните претприемачи од редот на невработените, за да ја олесни нивното само - вработување.

Планирањето на многубројни активности доведува до намалување на средствата за реализација на програмата за ваучерско субвенионирање. За периодот од 2010 до 2013 година исплатени се вкупено 2.684 илјади денари, со кои е обезбедено издавање на 154 ваучери за четири годишен период, што во голема мера го ограничува обемот на интервенциите, како и ефектот и придружните влијание за зајакнување на нивното работење и конкурентност.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ________________ ___________________
2.________________

Ова е особено важно од причина што ваучерската програма функционира ефективно[6] во однос на постигнатите резултати по клиент.

Претпријатијата/клиентите имаат корист од услугите за развој на бизнисите на неколку начини, пред се во: подобрувањата на производот и процесот, квалитетот, системите за менаџмент и намалување на структурата на трошоците. Како резултат на тоа, бизнисот на клиентот треба да оствари поголема продажба и профит, поголема работна сила, поголеми инвестиции и нова или дополнителна извозна активност.

Задоволството на клиентите од реализираните проекти се потврдува со пополнување на посебен извештај за задоволност на клиентот што претставува добра основа за продолжување и воедно развивање на програмата за ваучерско советување.

**Реализација на Програмската активност Инфо пулт**

Реализацијата на програмската активност Инфо пулт, е активност каде претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации.

За реализација на програмската активност Инфо пулт, вкупните исплатени средствата за организациите за деловна поддршка по месеци во 2010 година изнесува 5.500 денари, во 2011 изнесува 5.833 денари, во 2011 и 2012 година изнесува 3.400 денари. Вкупно исплатени средства за оваа намена се 2.157 илјади денари за период 2010 - 2013 година се дадени во табела бр. 5.

Со планирање на многубројни активности се намалуваат средствата предвидени за програмата инфо пулт што во голема мера го ограничува обемот на дадените услуги и влијае на ефектот врз малите и средни претпријатија како и во остварувањето на поголеми резултати.

Исто така потребно е да се укаже дека намалувањето на финансиските средства во годишните програми за поддршка и развој на МСП може да доведе до неможност од реализација на планираните активности за поддршка на МСП, намалена можност од остварување на видливи ефекти во областа на претприемништвото и малите и средни претпријатија особено во делот на зголемувањето на вработеноста и подобрувањето на животниот стандард на граѓаните.

[6] Извештај за имплементација на ваучерскиот систем на советување, доставен до Министерството за економија

**Препорака**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија да усвои методологија за планирање на годишната програма, а врз основа на расположивите средства за реализација на годишната прогарма да ги превиди оние програмски активности со кои ќе се постигне максимален ефект со нивната имплементација.

**3.2. Констатирани се слабости во начинот на планирање на дел од програмските активности, поради невоспоставени конкретни политики и континуитет како и утврдена рамка за нивно планирање што придонесува да се намали ефектот од поддршката на претприемништвото на малите и средни претпријатија.**

Министерството за економија во соработка со Агенцијата и проектот на Европската унија за развој на мали и средни претпријатија во периодот од 2006 -2010 година има земено учество во изготвување на годишниот извештај за Европската опсерваторија за МСП како инструмент за анализа на состојбите и донесување на стратегии и политики во секторот на МСП.

Оваа програмска активност според усвоената методологија на европската опсерваторија се реализирала со прибирање на податоци од страна на Централниот регистар, Државниот завод за статистика, НБРМ и Царинската управа. Во тој период Министерството за економија ( 2006 -2010 година), има учествувано во изготвување на Опсерваторија – Годишен извештај за МСП.

Извештајот е изготвен врз основа на утврдената методологија која ја користат сите европски земји членки на опсерваторијата. Обработени се податоци за околу 50 илјади мали и средни претпријатија во РМ добиени пред се од базите на Централниот регистар, Државниот завод за статистика и релевантни истражувања и анализи кои се однесуваат на овој сектор на стопанството.

Извештајот претставува официјален документ врз основа на кој Владата и владините институции можат да ја креираат стратегијата и политиките за развој на МСП, а истиот претставува и водич за домашните и странски потенцијални инвеститори.

Последниот извештај за опсерваторијата за МСП е подготвен и јавно презентиран во ноември 2009 година.

Ревизијата констатира дека оваа програмска активност е превидена во Програмите за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на МСП за 2010 и 2011 година за изготвувањето на годишниот извештај за 2009 и 2010 година. Во 2012 година, оваа активност веќе не е придвидена што укажува на слабости во начинот на планирање на програмските активности.

Опсерваторијата за МСП е корисен инструмент и нејзиното повторно активирање, би имало повеќекратна корист како за институциите, така и за стопанството, странски донатори, заинтересирани за проектна соработка, странски инвеститори или домашни субјекти. Извештајот би претставувал моќно средство не само при изготвувањето на периодичните и годишни извештаи за тековните состојби во МСП, туку е огромна предност и при анализа на одредени состојби.

Исто така податоците и анализите кои би можеле да бидат изведени или направени со помош на Извештајот на Опсерваторијата за МСП, секако БИ претставувале добра подлога за изготвување на прелог проекти кои би се финансирале од страна на странски програми за поддршка а би придонеле за користење на дополнителни странски финасиски средства во развојни цели. Исто така би се создале услови за дополнителна финансиска поддршка за МСП, земјата би била во позиција да ги зголеми своите капацитети за апсорпција на достапната помош од ЕУ програмите, Владата на РМ би добила многу поцелисходни, поаргументирани и поквалитетни предлог мерки при креирањето на политиките за развој на МСП од надлежните институции.

**Препорака**
Министерство за економија - Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија да ја преиспита потребата од повторно продолжување и предвидување на програмската активност - Опсерваторијата за МСП како официјален документ и водич за домашните и странски потенцијални инвеститори од оваа област.

**3.3. Ревизијата констатира одредени слабости во начинот на следење на спроведувањето и проценка на влијанието на мерките за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Министерство за економија – Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија нема дефинирани параметри/индикатори за следење на реализацијата на Програмата, а анализите и информациите што ги изработуваат не се секогаш основа за определување на програмските активности.**

Министерството со годишниот извештај ја информира Владата на РМ за реализација на програмските активности од областа на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Во извештаите се обезбедуваат податоци кои се однесуваат на спроведување на програмата но не и доволно показатели за ефектот од реализираните програми.
Од страна на надлежните лица во Министерство за економија – Сектор за претприемништво и конкуретност на малите и средни претпријатија беше

укажано дека извештајот за реализација на Програмата за поддршка на МСП се однесува пред се за да се постигнат резултати од три аспекти: број на доделени субвенции и кофинансирање, искористеност на финансиските средства како и извештај за доделените средства. Основната цел на извештајот е кратко, јасно и транспарентно да се презентира сработеното.
Наведеното е од причина што Министерството за економија нема развиено параметри/индикатори за следење на резултатите од спроведувањето на поединечните мерки од годишните програми.

Од тие причини доѓа до измена на годишната програма, како и пренемена на предвидените средства од една во друга мерка, што има влијание на постигнатиот ефектот од реализираната поддршка и развој на МСП.

Од извршениот увид во документацијата, за донесените Програма за развој на претприемништвото, конкуретноста и иновативноста на малите и средни претпијатија, реализирани од страна на МЕ за периодот од 2010 до 2013 година, констатиравме дека истите се менуваат повеќе пати во текот на годината. Во Прилог бр. 3 на овој извештај се дадени програмските активности по години за период од 2010 -2013 година.

**Препорака**
Министерството за економија – Сектор за претприемништво и конкуретност да воспостави параметри/индикатори за следење на резултатите од реализација на Програмата за изготвување на анализи и информации како основа за определување на програмските активности.

**3.4. Една од надлежностите и одговорностите на Министерството за економија - сектор за МСП е вршење на постојна и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата. Ревизијата констатира одредени слабости во реализација на оваа надлежност.**

Почнувајќи од 2008 година, Министерството за економија ги кофинансира активностите на Европскиот информативен иновативен центар во Р. Македонија (ЕИИЦМ) префрлувајќи средства во противвредност од 100.000 евра преку годишните Програми за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Проектот исто така е кофинансиран од ЕУ преку CIP Програмата 2007-2013, годишно по 90.000 евра.

ЕИИЦМ има отпочнато со работа во март 2008 година во рамките на конзорциумот формиран од четири членки и тоа: Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје ( УКИМ - во улога на координатор) Агенцијата за поддршка на претприемништвото

во РМ ( Агенцијата), Стопанската комора на РМ (СКМ) и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување (МИР). Претседател на Конзорциумот е ректорот на УКИМ.

Со ревизија на документацијата за Програмските активности за ЕИИЦМ ревизијата го утврди следното:

- Во 2011 година од страна на проектниот менаџер на ЕИИЦМ побарано е сите негови партнери да достават извештај за реализираните активности и извештај за финансиското работење на проектот на секоја членка на конзорциумот, со цел да се следи напредокот во остварување на активностите на Центарот.
- Врз основа на тоа изготвен е детален извештај за направените расходи кеде се констатирани недоследности во финасиското работење на проектот од страна на Агенцијата.
- Деталниот Извештај е доставен на увид на сите членки на конзорциумот како и во Министерството за финансии и Министерството за економија на ден 07.03.2012 година. Од тие причини Конзорциумот на ЕИИЦМ има побарано од страна на Агенцијата да се реши проблемот од недостаток на финансиски средства согласно Договорот за конзорциум и Рамковната спогодба со враќање на средствата кои недостасуваат.
- На 04.04. 2012 година Агенцијата има донесено Одлука бр. 03-5 да се повлече од проектот ЕИИЦМ, а средствата што недостасуваат да ги реализира преку работа на сопствен трошок. Согласно донесената Одлука учеството во проектот е заклучно до 31.12.2012 година.
- Конзорциумот и ЕАКИ[7] на проектот има констатирано дека Агенцијата ги има реализирано сите проектните активности на задоволително ниво предвидени за 2012 година.

Поради настанатите промени во конзорциумот во новиот проектен период 2013-2014 година е вклучен нов партнер - Сојуз на стопански комори.

Во 2012 година од страна на раководителот на Секторот за претприемништво и конкурентност на МСП при МЕ, доставено е писмено барање до министерот за економија од 20.03.2012 година како и повторно барање од 03.08.2013 година за спроведување на внатрешна ревизија на проектот ЕИИЦМ со цел да се утврди законско и наменско трошење на средствата. Од причина што поднесеното барање од март 2012 година не е реализирано до крајот на 2013 година има доведено до неисполнување на обврската на Министерството за економија од кофинансирање на активностите на Европскиот информативен иновативен центар во Р. Македонија (ЕИИЦМ) за период од 2011-2013. Односно не се врши префрлување на средства во противвредност од 100.000 евра преку годишните Програми за развој

[7] За администрација на мрежата е задолжена Извршната агенција за конкурентност и Иновации (ЕАКИ) при Европската комисија.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2.________________

на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП. Проектот е кофинасиран само од ЕУ преку CIP Програмата 2007-2013, годишно по 90.000 евра.
На ревизијата и беше укажано дек во тек е внатрешна ревизија на проектот ЕИИЦМ со цел да се утврди законско и наменско трошење на средствата и од тие причини ревизијата не дава препорака за утврдените состојби.

**3.5. Министерството за економија – Сектор за евро интеграции нема постапено по насоките од заклучок[8] на Владата на Република Македонија, во подготовката на програмските насоки за ИПА 2012-2013 година, да се вклучат проектите БАС и ТАМ како нивен составен дел. На тој начин не се создадени предуслови за аплицирање за средства преку програмата ИПА 2012-2013 година за реализирање на секој проект поединечно.**

Согласно заклучок на Владата на Република Македонија, укажано е Агенцијата да ги преземе БАС[9] и ТАМ[10] Програмите од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и да ги реализира во периодот од 2014 до 2015 година и истите да бидат финасирани преку средствата од Прграмата ИПА 2012 -2013, компоненета 1 Транзициска помош и институционална надградба.
Превземањето на програмите БАС и ТАМ од страна на Агенцијата се дадени во точка 4 од заклучокот на Владата на Република Македонија, при што Министерството за економија во подготовката на програмските насоки (фишеа) за ИПА 2012-2013 година, Компонента 1, концептот на проектите БАС и ТАМ да го вклучи како составен дел на Мерка 3: Софистицираност на пазари, иновации и пристап до финансии, Активност 3.1 Иновации и пристап до финансии - промовирање на развојот на претпријатијата, модернизација и вработување преку шема на поддршка на мали и средни претпријатија и градење на одржлива инфраструктура за локалните консултантски услуги. Ова е потребно како би се создале предуслови за аплицирање за средства преку програмата ИПА 2012-2013 година со поединечни проекти.

---

[8] Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 41-2544/1 од Шеесет и четвртата седница, одржана на 29.05.2012 година.
[9] БАС (Business Advisory Services) програмата ја поддржува економската транзиција, како преку остварување на промени во претпријатијата во потенцијални микро, мали и средни претпријатија со развивање на оддржлива инфраструктура на деловни советодавни услуги во земјите во кои работи ЕБОР.
[10] ТАМ (Turn Around Management) – е програма за управување со организациски промени која се спроведува во Р. Македонија од 1998 година, поддржана од Европската банка за обнова и развој.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ________________ ____________________
2.________________

Целокупната идеа на Владата на Република Македонија за преземање на програмите ТАМ и БАС, односно пренесување на дополнително искуство и доизградба на капацитетите на Агенцијата, има произлезено од фактот што Агенцијата има реализирано и се уште реализира програмски активности кои имаат сличности со активностите на ТАМ и БАС програмите, како што е Ваучерскиот систем на советување и поседува доволно капацитети да ги реализира овие програми во соработка со Министерството за економија.

Ревизијата констатира дека Министерството за економија - Сектор за евро интеграции нема постапено по точка 4 од заклучокот од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија ( од 29.05.2012 година), и на тој начин не се создадени предуслови за аплицирање за средства преку програмата ИПА 2012-2013 година за реализација на програмите БАС и ТАМ од страна на Агенцијата.

Во текот на ревизијата од страна на Министерството за економија - Сектор за евро интеграции беше укажано Агенцијата да достави повторно барање за вклучување на ТАМ и БАС програмите во програмските насоки за да може да бидат имплементирани во понатамошниот процес на проектот. Исто така од страна на Агенцијата веднаш беше доставено барање до Министерството за економија - Секторот за евро интеграции за превземање на програмите БАС и ТАМ и вклучување во програмските фишеа .

**Препорака**
Секторот за европска интеграција во Министерството за економија да постапи по упатеното барање од Агенцијата и заклучокот на Владата на РМ, односно при подготовка на програмските фишеа да ги вклучат проектите БАС и ТАМ.

**Ревизорски заклучок**

Главни цели на Владата на Република Македонија за периодот од 2011-2015 година се развојот на економијата, зголемување на економскиот раст и домашните и странски инвестиции, како услов за отворање на нови работни места и подобар живот на граѓаните.
Од тие причини постои подготвеност на Владата на Република Македонија сериозно и систематски да го поддржува развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија со финансиски поддршка од државниот буџет како една од приоритетните развојни цели преку реализација на Програмите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

Постигнатиот ефект од имплементацијата на програмите и активностите за развој на претприемништвото и подобрување на развојот на малите и средни претпријатија кои се реализираат преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото во РМ и Министерството за економија – Сектор за претприемништво и конкурентност не е на задоволително ниво. Мерките за поддршка на претпријатијата се реализираат низ неколку програми водени од различни органи со недоволно јавно финансирање.

Поради горенаведеното потребно е интензивирање на активностите од оваа област од сите вклучени чинители, продолжување на започнатите активноси, конкретизирање и обединување на програмите и мерките и зголемување на средствата за поддршка, кои активности ќе придонесат за унапредување на конкурентноста на македонското стопанство, а особено за претприемништвото и ќе бидат поддршка на малите и средни претпријатија што може да придонесе за зголемена вработеност и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________

2.________________